РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-1336/2
21.07 20 20 год.
КОЧАНИ

01/07/2020
23.07.2020

# ДОГОВОР

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: **Договорен орган)** и

2. **Друштво за трговија, производство и услуги ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДОО Кочани,** со седиште на ул.Димитар Влахов бр.43 - Кочани, ДБ: 4013993104450, ЕМБС 4751922 жиро сметка 200000017397524 депонент на Стопанска банка АД Скопје застапувано од Управителот Блага Сенесова (во понатамошниот текст:**Носител на набавката).**

**Предмет на договорот за јавната набавка**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавната набавка е:

**Набавка на градежни материјали**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на Оглас бр.09580/2020 на ЕСЈН, постапка која се спроведе преку ЕСЈН а врз основа на Одлука за јавна набавка од 30.06.2020 год.

**Член 2**

Оваа набавка се спроведува заради реализација на активностите планирани во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Кочани за 2020 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2019), точка 1. Помош на лица изложени на социјален ризик (Помош во градежни материјали). Процедурата за доделувањето на овој вид на помош на социјално загрозени лица е пропишана со Правилник за уредување на начинот и условите на доделување финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за поправка и оспособување на станбен простор бр.09-2257/1 од 15.12.2017 година донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017), објавен на веб страната на Општина Кочани.

**Начин и рок на извршување**

**Член 3**

Предметот на договорот во текот на годината ќе се реализира сукцесивно, согласно донесена одлука од Градоначалникот за доделување на финансиска помош во вид на градежни материјали во постапка утврдена со Правилник за уредување на начинот и условите на доделување финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за поправка и оспособување на станбен простор бр.09-2257/1 од 15.12.2017 година донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017), а во рамките на планираните средства во Буџетот на Општина Кочани и согласно Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Кочани за 2020 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2019), точка 1. Помош на лица изложени на социјален ризик (Помош во градежни материјали). Секоја сукцесивна нарачка на градежни материјали ќе се врши по

приложена спецификација за стоки по вид и количина изготвена од стручна комисија од редот на општинската администрација, прилог на одлуката на Градоначалникот.

Место на испорака: носителот на набавката е должен градежните материјали при секоја сукцесивна нарачка да ги доставува во определениот рок со свое превозно средство до пријавеното место на живеење на барателот/странката на подрачјето на општина Кочани.

Рок на испорака, достава на градежните материјали: носителот на набавката е должен да постапи по барањето на договорниот орган согласно донесена Одлука на Градоначалникот за набавка на градежни материјали, и истите по вид и количина согласно спецификацијата приложена кон Одлуката да ги испорача во рок од најмногу 2 (два) работни дена на пријавената адреса на оддалеченост најмногу 15 км сметано од седиштето на Општината. При испорака на градежните материјали носителот на набавката е должен однапред да го извести претставникот од Општина Кочани заради вршење евиденција, контрола на реализација на донесената одлука за градежните материјали. Извршената испорака со потпис ќе ја потврдат претставник на носителот на набавката, претставник на Општина Кочани и лицето кому му се испорачуваат градежните материјали, за што ќе се приложи соодветен доказ (испратница).
Лице за контакт од Општина Кочани и одговорно лице за следење реализацијата на овој договор е Аника И.Ѓеоргиева тел.072-275-689.

Договорниот орган нема обврска да ги набави планираните количини на стоките опишани по вид и количина за секој вид на стока во техничката спецификација, истите се ориентациони и ќе се набавуваат сукцесивно според утврдени потреби-поднесени барања од социјално загрозени странки (семејства), а во рамките на договорената вредност.

**Вредност на договорот**

**Член 4**

Вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува: 338.983,05 ден. без вклучен ДДВ или вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува 400.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18%.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира вкупната вредност на договорот, финансиската реализација ќе зависи од реалната потреба од набавка на градежни материјали во текот на времетраењето на склучениот договор

Единечните цени на материјалите се превземени и утврдени од првична/конечна понуда поднесена на ЕСЈН и истите се со вклучени трошоци за испорака.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

**Извор на средства и начин и рок на плаќање**

**Член 5**

Средствата за реализација на конкретниот договор за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 година, Програма ФА ставка 482.

Плаќањето ќе се врши во рок од 30 дена по доставување на уредна документација и тоа:

За секоја извршена испорака на стоки согласно склучениот договор, носителот на набавката во рок од 30 дена од извршената испорака задолжително во архивата на Општина Кочани ги доставува следните документи:

- Фактура *(во оригинал),*

- Копија од одлуката на Градоначалникот за одобрување на финансиска помош на социјално загрозените граѓани во вид на градежни материјали со прилог спецификацијата за потребните градежни материјали изготвена од стручна комисија од редот на вработените во општинската администрација, прилог на одлуката на Градоначалникот и
- Испратница *(во оригинал)* или друг релевантен писмен доказ за потврдување на видот и количината на дадената-применатa стока по вид и количина, потпишана од претставник на носителот на набавката, претставник на Општина Кочани и лицето кому му се испорачуваат градежните материјали.

**Договорна казна**

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на стоката од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 1 % /процент/ од вредноста на неиспорачаната стока за секој започнат ден задоцнување, за првите два дена, односно 0,5% /проценти/ за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 10 % од вредноста на неиспорачаната стока/и.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

**Прекинување или раскинување на договорот**

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

**Член 8**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада. Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска. Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 9**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

**Член 10**

Договорните страни се обврзани за реализација на овој договор да соработуваат меѓу себе со внимание на добри стопанственици и да се грижат и да ги унапредуваат меѓусебните односи и во таа цел благовремено и редовно да се информираат за се што е потребно за нивно извршување.

**Времетраење на договорот**

**Член 11**

Времетраењето на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни , но не подолго од 12 месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот.

/ вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечната испорака на стоките или до исцрпување на средствата за реализација/.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки.

**Член 13**

За евентуален спор по овој договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Носителот на набавката и 4 /четири/ примерока за Договорниот орган.

| | |
|---|---|
| ***за Носител на набавката*** | ***за Договорниот орган*** |
| ***ПЕРБЛАГ ДОО Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Благa Сенесова )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- листа на цени превземени од првичната/конечната понуда поднесена преку ЕСЈН

*Изработил:Соработник за поддршка и пребирање на документација за водење на постапки за јавни набавки – Даliборка Стојанова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за јавни дејности – Голубинка Георгиева*
*Согласен :Помошник раководител на сектор за општи,правни работи и јавни дејности – Анна Кралева*

**Листа на цени за Набавка на градежни материјали**

| Реден број | Опис на производот | Единечна мерка | Единечна цена без ддв | Единечна цена со ддв |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на портланд цемент Тип:CEM II/B-M(V-P-L)42,5Nили еквивалент пакуван во вреќи од 25 или 50кг, со транспорт до 15км | 1кгр | 10,00 | 11,80 |
| 2. | Набавка на ѕидарски цемент МС 5 – **Усјемал, пакуван во вреќи од 50кг** со транспорт до 15км | 1кгр | 10,00 | 11,80 |
| 3. | Набавка на камен дробеник со фракции за бетонирање со транспорт до 15км | | | |
| 3.1 | 0-4мм | 1м3 | 1490,00 | 1758,20 |
| 3.2 | 4-8мм | 1м3 | 1420,00 | 1675,60 |
| 3.3 | 8-16мм | 1м3 | 1355,00 | 1598,90 |
| 4. | Набавка на бетонски блок притисок МКС.У 5 MPa или еквивалент 20х20х40цм, со транспорт до 15км | 1парче | 48,00 | 56,64 |
| 5. | Набавка на ситен песок со фракција 0-4мм; со транспорт до 15км | 1м3 | 1565,00 | 1846,70 |
| 6. | Набавка на летви од бел бор 5х3цм со транспорт до 15км | 1м | 29,00 | 34,22 |
| 7. | Набавка на греди од бел бор 10х10цм, со транспорт до 15км | 1м3 | 12170,00 | 14360,60 |
| 8. | Набавка на даски од бел бор од 2,5цм, со транспорт до 15км | 1м3 | 11038,00 | 13024,84 |
| 9. | Набавка на ќерамички блок 44х25х12цм, класа1, со транспорт до 15км | 1парче | 38,00 | 44,84 |
| 10. | Набавка на ќерамички блок 25/25/12цм, класа1, со транспорт до 15км | 1парче | 24,00 | 28,32 |
| 11. | Набавка на гипс картонски плочи стандард со дебелина од 9 до 12мм, со транспорт до 15км | 1м2 | 145,00 | 171,10 |
| 12. | Набавка на бетонско железо глатко Ф6, со транспорт до 15км | 1кг. | 54,00 | 63,72 |
| 13. | Набавка на поликолор - внатрешна бела боја за ѕидни и тавански површини, се разредува со вода 10% потрошувачка 1л/5-6 м2 за два слоја, со транспорт до 15км . | 1литар | 65,00 | 76,70 |
| 14. | Набавка на кровен покривач - ќерамида | 1парче | 48,00 | 56,64 |

***за Носител на набавката***
***ПЕРБЛАГ ДОО Кочани***
***Управител,***

***( Блага Сенесова )***

***за Договорниот орган***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил:Соработник за поддршка и пребирање на документација за водење на постапки за јавни набавки – Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за јавни дејности – Голубинка Георгиева*
*Согласен :Помошник раководител на сектор за општи,правни работи и јавни дејности – Анна Кралева*